Врз основа на член 18 од Законот за здруженија и фондации (,,Сл.весник на РСМ" бр.52/2010) и одлуката за основање на Здружението „СОВЕТ НА АМБАСАДОРИ„

Основачкото собрание на здружението, на седницата одржана на ден 08.04.2019 година го донесе следниот:

# С Т А Т У Т

**на**

## Здружение „СОВЕТ НА АМБАСАДОРИ„

### Општи одредби

**Член 1**

Здружението „СОВЕТ НА АМБАСАДОРИ" со седиште во СКОПЈЕ е доброволно, непрофитно, невладино, непартиско здружение на граѓани, формирано со слободно здружување на дипломатите кое ќе помага преку советодавни и други форми на дејствување во креирање и остварување на политики во областа на надворешната меѓународната политика, ЕУ И НАТО интеграциите на Република Северна Македонија.

**Член 2**

Здружението „СОВЕТ НА АМБАСАДОРИ" од Скопје дејствува на територијата на Република Северна Македонија. Здружението дејствува на национално ниво и може да соработува со организации, здруженија, фондации и институции, и да членува во асоцијации во земјата и странство согласно Уставот и законите на Република Северна Македонија и овој Статут.

**Член 3**

Здружението своите цели, задачи и дејности ќе ги остварува во согласност со односите утврдени со Уставот и законите на Република Северна Македонија и со овој Статут.

**Член 4**

Називот на Здружението е:
**Здружение „СОВЕТ НА АМБАСАДОРИ„**
Името на Албански јазик е:
**Shoqata .„Këshilli i Ambasadorëve„**
Името на англиски јазик е:

**COUNCIL OF AMBASSADORS**
Скратениот назив на Здружението е: **А.С.**

**Член 5**

Седиштето на здружението е во Скопје **на ул.Киро ГЛИГОРОВ, б.б 1000 Скопје**.

**Член 6**

Здружението „СОВЕТ НА АМБАСАДОРИ„ има својство на правно лице со права обврски и одговорности кои произлегуваат од овој Статут и законските прописи.

## Претставување

**Член 7**

Здружението „СОВЕТ НА АМБАСАДОРИ„ го претставува и застапува Претседателот.

## Ознаки

**Член 8**

Здружението има свој печат и штембил и лого.

Печатот е тркалезен и го содржи името на здружението на Македонски јазик со кирилично писмо, на Албански и на Англиски јазик, а на средината стои логото на Здружението.

Штембилот на Здружението е правоаголен со следниот текст: Здружение „Совет на Амбасадори„ на Македонски јазик со кирилично писмо и на Албански и англиски јазик, број, дата и место.

Логото е со кружна форма околу која стои натпис Совет на Амбасадори на македонски, албански и англиски јазик.Во средината е глобус опкружен со маслинов венец ,во кој се наоѓа карта на РСМ со гулаб на мирот..

**Цели и задачи на Здружението**

**Член 9**

Граѓаните се здружени во Здружението заради остварување на поширок заеднички интерес. Мисијата на здружението е да помогне во изградба на оддржлива надворешна политика на Република Северна Македонија во билатерален, регионален и меѓународен контекст.

Основни цели и задачи на Здружението се:

- формулирање на соодветни начелно аргументирани политички ставови за разни политички збиднувања во регионот и пошироко преку информирана дебата, независна анализа и нови идеи за политиката;
- организирање на тркалезни маси за актуелни политички теми кои се битни за односите во регионот и светот, и посебно за нашата земја.
- организирање на јавни дебати во земјата за актуелни политички, економски и безбедносни теми со предлог на насоки за дејствување и др.

**Член 10**

Здружението работи врз основа на план и програма за работа.

**Член 11**

Своите цели и задачи здружението ги остварува преку утврдена Програма за работа, односно преку следниве активности:

- организирање на конкретни програмски активности;
- спроведување на заеднички проекти;
- организирање на конференции, семинари, обуки и друг вид на активности;
- поттикнување на иницијативи кај надлежните органи и институции во насока на остварување на целите на Здружението;
- медијација;
- врши и други работи предвидени со овој Статут.

**Членување**

**Член 12**

Член на Здружението може да биде секој дипломат кој најмалку еднаш бил акредитиран АМБАСАДОР и не е на активна дипломатска служба. Зачленување во Здружението е со давање на писмена изјава.

Странски државјани амбасадори акредитирани во Република Северна Македонија, како и почесните конзули на странски држави акредитирани во Република Северна Македонија може да бидат поканети на тематски седници на Здружението.

Советот на Амбасадори може да прогласи почесни членови на здружението.

Амбасадорите на културата може да бидат поканети на тематски седници на Здружението.

Досегашните министри за надворешни работи од осамостојувањето на Република Северна Македонија до денес исто така може да бидат членови на Советот.

Зачленувањето во Здружението се врши со пристапница односно со издавање на членска книшка, која при исклучување или престанок на членувањето во Здружението, задолжително се враќа со потпишување на лична писмена изјава.

Здружението „ СОВЕТ НА АМБАСАДОРИ„ за своите членови води регистар на членство кој се ажурира еднаш годишно. Податоците од регистарот се заштитени

во согласност со прописите за заштита на личните податоци и класифицирани информации.

**Член 13**

Членот има право да бира и да биде избиран во органите на Здружението, да учествува во работата на Здружението, да придонесува во развојот, промовирање и популарноста на Здружението, доброволно да се откаже од членувањето, да ги изнесува своите ставови по поставени прашања.

**Член 14**

Членовите на Здружението се должни:

- да го почитуваат Статутот;
- да присуствуваат на состаноците, да доставуваат податоци и извештаи за работата на Здружението во остварувњето на целите на Здружението;
- да земаат активно учество во спроведувањето на Програмата на активностите на Здружението;
- да ги извршуваат активностите предвидени со Програмата за работа.

**Член 15**

Членството во Здружението може да престане:

- по барање на членот на Здружението;
- ако не го почитува Статутот и обврските кои произлегуваат од него;
- ако дејствува во спротивност со целите на Здружението;
- ако не ја плаќа редовно членарината;
- ако согласно член 46 од Законот за надворешни работи му е одземено дипломатското звање;
- во случај на смрт.

Одлука за престанок на членството во Здружението донесува Извршниот одбор на Здружението.

**Јавноста во работата**

**Член 16**

Работата на Здружението „СОВЕТ НА АМБАСАДОРИ„ е јавна.

Јавноста во работењето се обезбедува со редовно известување (на членовите, други здруженија или пошироката јавност) за работењето и активностите на Здружението, со увид во спроведувањето на програмските задачи, со поднесување извештај за работа на органите и телата на Здружението за материјално – финансиско работење и друго.

За чувствителни теми кои бараат одреден степен на доверливост Собранието може да расправа на затворена седница. Одлуката за затвореност на седницата го носи Извршниот одбор или Собранието.

За информирање на членовите и пошироката јавност се користи печатот, радиото, телевизијата, веб страницата на Здружението, преку социјалните мрежи (facebook и twiter) како и списанието и таблата за јавно огласување која стои на видно место во просториите на самото Здружение.

## Финансирање на здружението

### Член 17

Здружението остварува приходи од:

- членарина;
- донации и доброволни прилози;
- Буџетот на Република Северна Македонија и од единиците на локална самоуправа;
- давање на услуги на други здруженија, организации и институции;
- провизии од организации, заедници и од други установи;
- од трговски друштва и други правни лица;
- од други извори предвидени со Закон и Статутот.

### Член 18

Користење и располагањето со средствата на Здружението добиени по основите од претходниот член се врши на начин утврден со овој Статут и останатите законски норми, утврдени со финансискиот план и врз основа на валидни документи.

### Член 19

За користење и располагањето со средствата одлучуваат органите на Здружението, согласно надлежностите утврдени со овој Статут, кои преземаат мерки за економско целосообразно користење на средствата и за спречување и отстранување на незаконитости.

### Член 20

Здружението „СОВЕТ НА АМБАСАДОРИ„ донесува годишен финансиски план за приходите и расходите на Здружението.

Финансискиот план ги содржи приходите кои се стекнуваат согласно член 17 од Статутот, како и расходите за општествената активност, плати на вработените, материјали, трошоци за работа на Здружението и други расходи сврзани со работата на Здружението. Финансискиот план може да биде предмет на измена и дополнување со Одлука на Извршниот одбор на Здружението.

## Органи на Здружението

### Член 21

Органи на Здружението се:

1. Собрание
2. Претседател
3. Двајца (2) потпретседатели
4. Извршен одбор

**Собрание на здружението**

**Член 22**

Собранието е највисок орган на Здружението. Собранието на Здружението го сочинуваат сите  членови на Здружението.

Собранието избира Претседател, двајца потпретседатели и членови на Извршен одбор.

Претседателот го застапува и претставува Здружението.

Собранието се состанува по потреба, а најмалку еднаш годишно.

**Член 23**

Собранието се свикува најмалку еднаш годишно, и конституирањето на органите и телата мора да се изврши 30 дена пред истекот на мандатот на членовите на органите и телата.

Поканата со материјалите за дневен ред во писмена форма се доставуваат најмалку 7 дена пред одржување на седницата.

**Член 24**

На изборното собрание се избира:

- Работно претседателство од три члена;
- Записничар;
- Двајца оверувачи на записникот;
- Органи на управување на Здружението.

**Член 25**

Седници на Собранието свикува Претседателот на Собранието по сопствена иницијатива.

Седница на Собранието се свикува и по предлог на Извршниот одбор на Здружението или на 1/3 од вкупниот број членови на Собранието.

Ако претседателот на Собранието во рок од 14 дена од денот на дадениот предлог не свика седница, седницата ја свикува Извршниот одбор или иницијаторите.

Начинот на свикување на седниците на Собранието на Здружението се определува со Деловникот за работа на Собранието.

**Член 26**

Собранието на Здружението „СОВЕТ НА АМБАСАДОРИ„ од редовите на своите членови на редовни или вонредни собранија избира Извршен одбор.

Претседателот и потпретседателите по функција се членови на Извршниот одбор.

**Член 27**

Собранието по правило одлуките ги донесува со мнозинство гласови од присутните членови кои го сочинуваат потребниот кворум.

На собранието се одлучува со јавно гласање, но по потреба и на предлог од 1/3 од членовите гласањето може да биде и тајно.

Членовите на Собранието во секое време треба да ги имаат целите и интересите на Здружението над поединечните или посебните цели на која и да е друга страна.

**Член 28**

Собранието ги врши следните работи:

- Донесува Статут на Здружението „СОВЕТ НА АМБАСАДОРИ„ и врши измени и дополнувања на истиот;
- Усвојува годишен извештај, насоки и план за работа;
- Усвојува завршна сметка и финансиски план;
- Одлучува за промена на целта на здружувањето;
- Иницира и одобрува склучување на Договори и Меморандуми со други субјекти;
- Одлучува за здружување или разделување од друго здружение и за зачленување во сојузи и меѓународни организации;
- Констатира прием на нови членови и престанок на членувањето;
- Избира Претседател на Здружението и двајца потпретседатели.
- Донесува програма за работа на Здружението;
- Избира и разрешува членови на Извршниот одбор;
- Го разгледува и усвојува извештајот за работа на Извршниот одбор помеѓу две собранија;
- Ја следи материјално финансиската состојба на Здружението помеѓу две собранија;
- Расправа за постигнатите резултати од развојот на Здружението и дава насоки за натамошен развој на Здружението;
- Донесува одлуки, заклучоци, препораки за решавање на прашања од интерес на Здружението;
- Одлучува за престанок на здружението со двотретинско мнозинство;
- Врши и други работи кои произлегуваат од Статутот и законите,

## Извршен обор

**Член 29**

Извршниот Одбор на здружението „СОВЕТ НА АМБАСАДОРИ„ е извршен орган на Собранието во кој секој член има еднакви права, обврски и одговорности за работењето и развој на Здружението во согласност на Статутот.

Член на Извршниот одбор се иззема од гласање за прашања поврзани со него, со неговиот брачен другар или роднина до втор степен и за прашања кои се однесуваат на некое лице врз кое тој има контрола или економски интерес.

**Член 30**

Извршниот Одбор на Здружението „СОВЕТ НА АМБАСАДОРИ„ брои 9 члена.

Мандатот на членовите на Извршниот Одбор трае 2 години.

Извршниот одбор му предлага на Собранието претседател со мандат од 1 година со право на реизбор.

Претседателот на Извршниот Одбор истовремено е и претседател на Собранието на Здружението и тој го претставува и застапува Здружението и е наредбодавател и во областа на материјално и финансиско работење на друштвото.

**Член 31**

Претседателот на Извршниот одбор ги свикува седниците на Извршниот одбор, предлага дневен ред и раководи со седниците.

Во случај на отсутност на претседателот на Извршниот одбор на седницата го заменува еден од потпретседателите по предлог на претседателот.

Претседателот е должен да свика седница на Извршниот одбор по потреба, а задолжително по барање на 1/2 од членовите на Извршниот одбор.

**Член 32**

Извршниот Одбор ги врши следниве работи:

- Ги подготвува седниците на Собранието, припрема материјали за седниците на Собранието;
- Го подготвува нацрт статутот, предлага измени и дополнување на статутот и ги подготвува другите одлуки што треба да ги донесе Собранието;
- Ја спроведува политиката, заклучоците и одлуките донесени на собранието;
- Ги спроведува статутарните и програмските задачи на Здружението;
- Формира Стручна служба и врши контрола на нејзината работа;
- Управува и одговара за управувањето со имотот на здружението;
- Подготвува годишен и периодичен извештај за својата работа;
- Донесува и реализира годишна програма за работа;
- Донесува соодветни правилници, прифаќа спогодби и склучува договори;
- Констатира прием на нови членови и престанок на членување доколку за тоа биде овластен извршниот одбор од страна на собранието;
- Именува и разрешува секретар- Главен координатор на Здружението;
- Донесува одлуки за формирање на постојани и повремени работни тела и комисии и ја насочува нивната работа;

- Организира и активно учествува во организирањето на разни акции и манифестации;
- Доделува одлуки за награди, пофалници и признанија;
- Дава согласност за набавка и отуѓување на основните средства;
- Дава согласност на Правилникот за организација и работните задачи на стручната служба на Здружението, и врши контрола на нејзиното работење;
- Донесува одлуки по приговори и жалби;
- Предлага и спроведува финансиски план и изготвува завршна сметка на Здружението;
- Именува членови на стручната служба на Здружението;
- Донесува акти со кои се уредува работата на Стручната служба;
- Врши и други работи кои произлегуваат од потребите на Статутот на Здружението и од Законот.

**Член 33**

Извршниот Одбор за својата работа одговара пред Собранието на Здружението.

Извршниот Одбор се состанува и одржува седници по потреба.

Седницата на извршниот Одбор ја свикува Претседателот.

Предлог за свикување на Извршниот Одбор може да поднесе една половина од Извршниот одбор или една третина од членовите на Собранието.

Со седницата раководи и претседава Претседателот, а во негово отсуство ќе раководи еден од потпретседателите кого ќе го одреди претседателот.

Начинот на свикување на седницата и работењето на Извршниот Одбор се уредува со деловникот за работа.

Членовите на Извршниот одбор во секое време треба да ги имаат целите и интересите на здружението над поединечните или посебните цели на која и да е друга страна.

**Член 34**

Заради извршување на статутарните и програмските задачи и Одлуки на Собранието и Извршниот одбор, Извршниот одбор формира други работни тела.

**Стручна служба**

**Член 35**

За извршување на административно стручни, помошни и на нив слични работи од заеднички интерес за остварување на задачите и целите на Здружението се формира стручна служба.

Организацијата и работата на Стручната служба се уредува со акти кои што ги донесува Извршниот одбор.

**Член 36**

Правата, должностите и одговорностите за работа на вработените на Стручната служба на Здружението - Координаторите на програми ги утврдува Главниот Координатор на програма, кој раководи со стручната служба на Здружението.

**Член 37**

Главниот Координатор на програма е истовремено и координатор на Здружението, и истиот може да биде во редовен работен однос како и другите координатори со сите права, должности и одговорности што произлегуваат од ЗРО, Статутот и актите на Здружението.

**Член 38**

Главен координатор и Координатор/и на програма/и може да биде лице со најмалку три години работно искуство во странски и домашни невладини организации, пожелно високо образование, познавање на странски јазик и работа со компјутери, пишување и раководење на проекти, висок степен на познавање на областа во која делува здружението, како и изразени организациони и менаџерски способности и квалитети.

**Член 39**

Вработените во стручните служби не можат да бидат избрани за членови на извршните органи на здружението на граѓани.

**Член 40**

Изборот на Главен Координатор и Координаторите на програми го врши Извршниот одбор на здружението со мнозинство од гласовите имајќи ги во предвид одредбите од став два од чл.28 од Статутов.

**Член 41**

Главниот Координаторот на програма е одговорен за извршување на финансискиот план и се грижи за извршување на одлуките и заклучоците на Извршниот Одбор и Собранието на Здружението.

Главниот координатор и координаторите на програма се одговорни за својата работа пред Извршниот Одбор.

Главниот координатор и координаторите на програма учествуваат во работата на Извршниот одбор без право на глас.

Главниот координатор и координаторите на програма имаат право да свикаат седница на Извршниот одбор доколку за тоа имаат согласност од 1/2 од членовите на Извршниот одбор.

**Член 42**

Средствата за работа на стручната служба и Координаторите на програми се определуваат со финансискиот план секоја година, и тоа средства за плати, материјални трошоци и други тековни средства за работа на Здружението.

## Престанок на Здружението

**Член 43**

Здружението престанува со работа во следниве случаи:

- Ако за тоа се изјаснат 2/3 од членовите на Собранието на Здружението;
- Ако бројот на членовите се намали под бројот определен со Закон за основање на Здружение;
- Ако настапат причини утврдени по член 63 од Законот за здруженија и фондации.

Одлука за престанок на Здружението донесува Собранието со двотретинско мнозинство од присутните членови.

Основачите на здружението „СОВЕТ НА АМБАСАДОРИ„ имаат право да го укинат здружението.

**Член 44**

Во случај на престанок на работатата на Здружението, имотот и другите права и приходи што остануваат по намирувањето на обврските, преминуваат во сопственост на хуманитарните организации Црвен Крст и Црвена полумесечина.

**Член 45**

Доколку неможат да се исполнат условите утврдени во Членот 46, во случај на престанување на работата на здружението неговиот имот преминува во сопственост на Република Македонија.

## Преодни и завршни одредби

**Член 46**

Толкување на одредбите на овој Статут дава Собранието на Здружението, а помеѓу две Собранија, Извршниот одбор на Здружението.

**Член 47**

Измени и дополнување на овој Статут се вршат по иста постапка како и за неговото донесување.

**Член 48**

Овој Статут влегува во сила од денот на неговото донесување, со денот на усвојувањето.

Датум и место

Скопје, 8.04.2019

Претседател на Здружението
„СОВЕТ НА АМБАСАДОРИ „
Име и презиме

Лупчо Арсовски